# ХАМЛЕТ



# СОДРЖИНА

1 Постанокот на „Хамлет“

2 Ликови во драмата

3 Содржина

- 1 Прв чин
- 2 Втор чин
- 3 Трет чин
- 4 Четврти чин
- 5 Петти чин

Трагичната повест на Хамлет, Принцот Дански или скратено Хамлет е трагедија од Вилијам Шексир, за која се верува дека ја напишал во периодот помеѓу 1599 и 160 година. Драмата, која се случува во Кралството Данска, раскажува за начинот на кој принцот Хамлет му се одмаздува на чичко му Клавдиј, поради убиството на стариот крал Хамлет и наследување на круната, како и поради венчавката со Гертруда (вдовицата на кралот Хамлет и мајка на принцот Хамлет). Драмата живописно ги отсликува вистинското и одглуменото лудило, од неизмерна тага до зовриен гнев, и ги истражува темите на предавство, одмазда, инцест и морално пропаѓање.


THE
Tragicall Hiſtorie of
HAMLET,
*Prince of Denmarke.*
By William Shakeſpeare.
Newly imprinted and enlarged to almoſt as much againe as it was, according to the true and perfect Coppie.
AT LONDON,
Printed by I. R. for N. L. and are to be ſold at his ſhoppe vnder Saint Dunſtons Church in Fleetſtreet. 1605.

# ПОСТАНОКОТ НА „ХАМЛЕТ“

Постојат три различни и рани верзии на драмата, познати се како:

- првото кварто (Q1)
- второто кварто (Q2) и
- првото фолио (F1).

Во секоја од нив има стихови, па дури и сцени, кои ги нема во другите верзии.



Шекспир ретко самостојно ги измислувал приказните за своите драми, туку нив ги позајмувал од историјата или од познатите приказни од неговото време. Така ја напишал и драмата „Хамлет“ врз основа на скандинавската легенда за Амплет од 10 век, која била запишана од данскиот летописец во 12 век, Саксо Граматикус, во неговата неговото дело „Делата на Данците“ , кое било отпечатено во 1514 година во Париз. Од него приказната ја презел Франциск де Белефоре и ја ставил во својата книга „Трагични истории“, објавена во Париз, во 1576 година. Веројатно, Шекспир ја прочитал приказната од францускатa верзија, зашто англискиот превод на делото на Белфоре било објавено дури во 1608 година. Меѓутоа, со сигурност се знае дека пред 1589 година постоела една англиска драма за Хамлет, којашто денес е изгубена, а за која се верува дека ја напишал првиот популарен англиски трагичар, Т. Кид.

Првото печатено издание на „Хамлет“ се појавило во 1603 година и тоа значително се разликува и е за половина помало од второто издание од 1604 година. Врз основа на тоа се смета дека првото издание е само груба верзија на првобитната драма за Хамлет (испечатена пиратски), направена многу порано за потребите на театарот. Дури подоцна, Шекспир ја напишал својата драма за Хамлет, а онаа рана драма, според зборовите на Едмунд Чемберс, „ја зел за своја почетна точка и веројатно ја задржал рамката на приказната, но дијалозите, ликовите и психолошките мотиви се само негови“



Структурата на драмата и нејзиното длабоко навлегување во карактерите инспирирале многу критички набљудувања, од кои едно е повеќевековна дебата околу двоумењето на Хамлет да го убие вујко си. Некои сметаат дека тоа е дел од заплетот за да се продолжи дејствието, а други сметаат дека е резултат на притисокот извршен од страна на сложените филозофски и етички прашања, кои се поврзани со ладнокрвното убиство, испланираната одмазда и оневозможените желби. Од неодамна, психоаналитичките критичари ги анализирале несвесните стремежи на Хамлет, а феминистичките критичари ги преиспитале и рехабилитирале често оцрнетите ликови на Офелија и Гертруда.

Хамлет е најдолгата драма на Шекспир, како и меѓу најмоќните и највлијателни трагедии во англиската литература. Поседува приказна што може „бескрајно да се прераскажува и приспособува од други." Во времето на Шекспир, таа била една од неговите најпопуларни дела, а и денес се уште стои високо на листата негови најиграни драми; на пример, на првото место е на листата на „*Кралската дружина на Шекспир*" уште од 1879 година. Инспирирала писатели како Гете и Дикенс, па сè до Џојс и Мурдок, и е опишана како „*најфилмуваната приказна во светот по Пепелашка*".

Главната улога речиси сигурно била создадена за Ричард Барбиџ, најпознатиот глумец-трагичар во времето на Шекспир. Во наредните 400 години, таа улога ја глумеле светски признати глумеци и глумици од секоја последователна доба.



# ЛИКОВИ ВО ДРАМАТА

Во драмата се појавуваат следниве ликови:

- Кралот Клавидиј - кралот на Данска
- Принцот Хамлет - син на поранешниот крал и внук на сегашниот крал
- Гертруда - кралицата на Данска и мајка на Хамлет
- Полониј - управник на кралскиот имот
- Офелија - ќерка на Полониј
- Хорациј - пријател на Хамлет
- Лаерт - син на Полониј
- Волтиманд, Корнелиј - дворјанини
- Розенкранц, Гилденстерн - дворјанини, пријатели на Хамлет
- Осрик - дворјанин
- Марсело - службеник
- Бернардо - службеник
- Франциско - војник
- Рејналдо - слуга на Полониј
- Духот на таткото на Хамлет
- Фортинбрас - норвешкиот принц
- Норвешки капетан
- Гробари, благородници, гласници, морнари, госпоѓи, господа, офицери…

# СОДРЖИНА

Дејството на драмата се одвива во Елсинор, во дворот на данскиот крал Клавдиј, кој по смртта на претходниот крал Хамлет се оженил со неговата жена, кралицата Гертруда.

# ПРВ ЧИН

Во кралството владее немир, зашто се очекува напад од синот на покојниот норвешки крал. Веќе три ноќи по ред, стражарите го забележуваат духот на мртвиот крал (таткото на Хамлет) како шета по тврдината облечен во воен оклоп. Тие му ја соопштуваат веста на Хамлет, кој е многу тажен поради смртта на татко му и потиштен поради бракот на неговиот стрико и мајка му. Истовремено, Хамлет покажува наклонетост кон Офелија, ќерката на дворскиот советник Полониј. Братот на Офелија заминува во Франција, а нејзиниот татко ја советува да се држи подалеку од Хамлет.

Следната ноќ, духот се покажува повторно и му ја кажува на Хамлет вистината за смртта на татко му: додека спиел во градината бил отруен од својот брат. Притоа, духот го повикува Хамлет на одмазда, но со молба да ја поштеди мајката. Хамлет ги повикува другарите да се заколнат дека нема да го предадат, кажувајќи им дека може да се случи тој да започне да се однесува чудно во идниот период.

# ВТОР ЧИН

Полониј го испраќа својот слуга во Франција за да дознае како се однесува син му. Офелија му кажува на својот татко дека ја посетил Хамлет со многи необично однесување и Полониј помислува дека Хамлет полудел поради невозвратената љубов. И кралот и кралицата мислат дека Хамлет полудел, но тие ја бараат причината во неговата тага поради смртта на татко му. Полониј им го кажува своето објаснување, а во разговорот со него Хамлет се прави луд. Во дворецот доаѓаат и верните пријатели на Хамлет, Розенкранц и Гилденстерн, кои се повикани од кралот за да му помогнат на Хамлет да ги оттргне лошите мисли. Најпосле, во дворецот пристигаат глумци кои треба да го орасположат Хамлет. Тој ги замолува да одиграат претстава во врска со убиство во која ќе изрецитираат еден говор што ќе го напише тој самиот.

# ТРЕТ ЧИН

Полониј му мести средба на Хамлет со Офелија со цел да ја открие причината на неговото лудило. Вообичаено, Хамлет зборува збркано и ја советува Офелија да оди во манастир. Започнува претставата во која се игра сцена иста како убиството на татко му на Хамлет. Вознемирен, кралот ја напушта претставата и додека го прогонуваат тешки мисли, Хамлет има прилика да го убие, но во последен миг се воздржува. Кралот одлучува да го испрати Хамлет во Англија. Неговата мајка го повикува на разговор, а скриениот Полониј го слуша разговорот. Хамлет ја обвинува мајка си за гревовите, а потоа го убива Полониј.

# ЧЕТВРТИ ЧИН

Кралицата му кажува на кралот за убиството на Полониј, кого набрзина го погребуваат. Кралот го испраќа Хамлет во Англија, а на Розенкранц и Гилденстерн им дава налог Хамлет да биде убиен штом стапнат на англиската почва. Разочарана од смртта на својот татко и од невозвратената љубов од Хамлет, Офелија полудува. Во дворецот пристигнува Лаерт кој дознал за убиството на татко му и бара одмазда, а кралот го обвинува Хамлет за убиството на Полониј. Хорацио добива писмо во кое Хамлет го известува дека бродот со кој патувал за Англија бил нападнат од пирати и дека Розенкранц и Гилденстерн се мртви. Кралот го наговара Лаерт со лукавство да го убијат Хамлет. Растроената Офелија извршува самоубиство.

# ПЕТТИ ЧИН

Двајца гробари копаат гроб за Офелија, а тука доаѓа и Хамлет. Кога Офелија ја погребуваат, Лаерт влегува во гробот, а по него и Хамлет и двајцата почнуваат да се борат. Хамлет му кажува на Хорацио како успеал да се спаси: тој го открил писмото на кралот во кое наредува Хамлет да биде убиен, а потоа го заменил со фалсификувано писмо во кое се бара да бидат убиени Гилденстерн и Розенкранц. Кралот се обложува дека Лаерт не може да го победи Хамлет во мечување и започнува натпреварот меѓу нив.

Хамлет му се извинува на Лаерт за убиството на татко му, но не знае дека кралот и Лаерт се договориле да го отрујат во текот на натпреварот. Кралицата по грешка пие од пехарот и умира отруена, а во текот на борбата Хамлет и Лаерт си ги заменуваат мечовите и двајцата паѓаат ранети со отровниот меч. Пред да умре, Хамлет го убива кралот. Во дворецот доаѓа норвешкиот принц Фортинбрас кој станува крал на Данска, а Хорацио ја кажува вистината за сите настани.